КОДЕКС

НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА

Кодексот за родители има за цел да обезбеди позитивна, безбедна и поттикнувачка средина за учење и развој на учениците, преку соработка, почит и одговорно однесување на родителите.

Родителите имаат клучна улога во образовниот и воспитниот процес на учениците во училиштето. Во овој период учениците се соочуваат со физиолошки, психолошки, социјални и лични предизвици, па затоа соработката меѓу семејството и училиштето е од суштинско значење.

Поаѓајки од базичните потреби на учениците во училиштето неопходна е потребата од вклучување на родителите како партнери во реализацијата на воспитно образовниот процес и тоа за:

Член 1. Поддршка на образовниот процес

- Родителите поддршката на образовниот процес ја даваат преку следење на успехот и редовноста на ученикот, поттикнување кон одговорност, поттикнување и следење на работните навики на своето дете и со редовна соработка со училиштето.

Член 2. Соработка со училиштето

- Активната и навремена комуникација со класниот раководител за информирање за постигнатите резултати во учењето, соработка со предметните наставници и стручната служба за навремено решавање на проблеми и поддршка на ученикот.

- Комуникацијата со наставниот и раководниот кадар да се одвива на културен, мирен и конструктивен начин.

Член 3. Воспитна улога

- Родителите со своето однесување да бидат позитивен пример за учениците за културно и ненасилно однесување промовирајќи култура на дијалог, толеранција, одговорност и ненасилство.
- Родителите придонесуваат во формирање на морални вредности, почитување на правилата, дисциплина, толеранција и одговорно однесување, во согласност со воспитните цели на училиштето.

Член 4. Поддршка на самостојноста на ученикот

- Родителите треба да ја поттикнуваат самостојноста, критичкото размислување и преземањето одговорност кај учениците, со демократски стил на родителство.

Член 5. Мотивација и емоционална поддршка

- Родителите обезбедуваат емоционална сигурност, охрабрување и разбирање, особено во периоди на стрес, полагање на испити и донесување одлуки за понатамошно образование или кариера.

Член 6. Решавање на проблеми

- Несогласувањата и проблемите на релација ученик-ученик, ученик - наставник да се решаваат преку разговор и соработка со посредство на стручната служба, без навреди, притисоци, закани или јавни дискредитации (вклучително и на социјални мрежи).

Член 7. Почитување на правилата и институцијата

- Родителите ги почитуваат правилата, процедурите и одлуките на училиштето и со своето однесување придонесуваат за позитивна училишна клима.

Член 8. Вклученост во училишниот живот

- Родителите, во рамките на своите можности, учествуваат во родителски состаноци, работилници, предавања, трибини, придонесувајќи за подобрување на воспитно-образовната средина.

Член 9. Забрана за насилство

- Секој облик на физичко, вербално, психолошко или дигитално насилство, како и говор на омраза и дискриминација, е строго забранет.

Член 10. Почитување на правилата и куќниот ред на училиштето

- Родителите се обврзуваат да ги почитуваат правилата, одлуките и процедурите на училиштето, како и важечките закони и подзаконски акти.

Член 11. Немешање во стручната работа

- Родителите немаат право директно да се мешаат во наставниот процес, оценувањето и педагошките мерки, туку своите забелешки да ги доставуваат преку соодветна постапка.

Член 12. Заштита на приватноста

- Родителите се должни да ја почитуваат приватноста и достоинството на учениците и вработените и да не споделуваат доверливи информации без дозвола.

Член 12. Завршни одредби

- Овој Кодекс стапува на сила со денот на неговото усвојување и важи за сите родители/старатели на ученици во училиштето.

Претседател на Училишен одбор

_____

Сашо Илиевски

Битола, 2025 година